**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТОТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-79/20 од 8.4.2015 година и Одлука бр. 1902-79/21 исто од 8.4.2015 година, донесени на 121. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 8.4.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на двајца наставници во наставно-стручно звање *лектор* за научната област *англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

– доц. д-р Марија Кусевска (претседател), доцент од наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– доц. д-р Нина Даскаловска (член), доцент од наставно-научната област Методика на наставата по англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– доц. д-р Лидија Давидовска (член), доцент по филолошки науки (англиски јазик) на Европскиот универзитет – Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија”, „Утрински весник“ и „Коха“ на 8.3.2015 година и во предвидениот рок се пријавија кандидатките: м-р Наталија Поп Зариева, вработена како помлад асистент на Филолошки факултет, Катедра за англиски јазик и книжевност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р.Македонија и м-р Марија Крстева, исто така вработена како помлад асистент на Филолошки факултет, Катедра за англиски јазик и книжевност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р.Македонија.

Двете кандидатки навремено и комплетно ги доставија сите потребни документи. Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***М-р Наталија Поп Зариева***

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Наталија Поп Зариева** е родена на 1 јуни 1973 година во Кочани. Средно образование завршува во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје. Во 1996 година завршува додипломски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Група за англиски јазик и книжевност при Катедрата за англиски јазик и книжевност со просек 8,00 и се стекнува со стручен назив дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Своето понатамошно усовршување го продолжува на двегодишните постдипломски студии со специјалност англиска филологија, насока Превод и современа англиска литература на Универзитетот „Неофит Рилски“ во Благоевград, Бугарија. По положувањето на сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии, со просечна оценка 8,99, на 12 јануари 2011 година успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „Ethical issues in *The Pearl* by John Stainbeck” и се стекнува со академски степен магистер по англиска филологија. Во 2014 година се запишува на трет циклус-докторски студии на докторската школа при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Има завршено втор циклус студии од научната област во која се избира.
2. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатката м-р Наталија Поп Зариева има завршено втор циклус студии од научната област наука за јазик – англистика, има долгогодишно работно искуство во наставно-образовната дејност и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање лектор.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот 1995 – 1996 год., Наталија работи како професор по англиски јазик во ДЕМАУ „Гошо Викентиев“ - Кочани. Од 1999 до 2012 работи како наставник по англиски јазик во ОУ „Св. Кирил и Методиј“ - Кочани. Во 2012 година, врз основа на јавен конкурс, м-р Наталија Поп Зариева е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во областа англистика („Универзитетски билтен“ бр.92, ноември 2012) и е постојано активна во наставно-научниот процес, во научноистражувачката дејност, како и во стручно-апликативната дејност.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката е ангажирана на Групата за англиски јазик и книжевност за реализација на вежбите по следните предмети: Современ англиски јазик 3 (лекторски вежби), Современ англиски јазик 4 (лекторски вежби).

Кандидатката се покажа како солиден и исполнителен соработник и во изведувањето на лекторските вежби по предметите Современ англиски јазик 5 и 6, како и на другите студиски програми на Филолошки факултет. Истовремено е ангажирана за изведување вежби по предметот Англиски јазик како странски јазик на нематичните факултети во рамките на Универзитет „Гоце Делчев“– Штип (Факултет за образовни науки и Машински факултет). Во овој период м-р Наталија Поп Зариева одржува вежби по горенаведените предмети, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и на Универзитетот.

М-р Наталија Поп Зариева важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за целиот период до изборот на кандидатката м-р Наталија Поп Зариева во наставно-стручно звање *лектор*:

1. Наталија Поп Зариева: „Ethical issues in *The Pearl* by John Stainbeck”, магистерски труд, Универзитет „Неофит Рилски“, во Благоевград, Бугарија, 2011.

***Евалуација***

Предмет на проучување на магистерскиот труд на кандидатката се моралните вредности како дел од човековото живеење и етичките вредности претставени во романот „Бисерот“ на Џон Стеинбек. Целта на овој труд е да се воочи состојбата со негувањето на етичките вредности кај младите од најмала возраст во денешниот глобален свет, и потребата од посветување на посебно внимание преку литературата која се чита и книгите кои се обработиваат во училиштето. Таа прави осврт на потеклото на зборовите „етички“

и „морални вредности“, притоа доаѓајќи до констатацијата дека и покрај тоа што етичките вредности се менуваат и развиваат со тек на времето постојат некои основни и природни вредности кои не смеат да бидат заборавени. Таа претставува различни дефиниции и гледишта за етичките и моралните вредности и ги поврзува со моралните вредности претставени во романот „Бисерот“.

Во првата глава таа го истражува културниот контекс во кој авторот живеел во времето кога го напишал романот. Потоа го анализира неговиот стил и начините на кој романот е напишан. Во втората глава се фокусира подлабоко во текстот на романот и преку примери илустрира и анализира неколку доминантни етички проблеми, како: постоењето на Бог и злото, расизам, социјална дескриминација и етички егоизам. Во глава три ги анализира поединечно споменатите етички проблеми од аспект на романот. Глава четири претставува обид етичките вредностите во ова дело да се контрастираат и споредат со основните вредности на глобалната мрежа – Интернетот, како образовна средина со свој сопствен етички кодекс. Во заклучокот таа го нагласува фактот дека карактеристиките на Хофстед, кои претходно се разгледуваат помагаат културата да се разбере многу појасно. Таа заклучува дека наспроти етичките вредности кои постојат денес, во постмодерната ера, романот на Стеинбек носи многу вредни морални пораки.

2. Илиев К., Поп Зариева Н. (2012) Книжевните дела како средства и медиум за развивање позитивни морални вредности кај младите. Годишен зборник на Филолошки факултет 2012. Вол.3, бр.3, стр.249-256.

***Евалуација***

Во овој труд кандидатката тргнува од постулатот дека вредностите кои ние ќе им ги вградиме на нашите деца денес, свесно или несвесно, ќе имаат големо влијание на општеството во иднина. Таа ги проучува показателите за детериорација на моралните вредности во генерациите што растат. Според видувањето на авторката, како резултат на тоа општеството станува понасилно, помалку конзервативно и „пoслободно“, но не во позитивна смисла. Оваа деградација ги прави младите да бидат поагресивни и да употребуваат навредлив и вулгарен жаргон. Назадувањето во стандардите на однесување на младите луѓе е резултат на губењето на морален водич дома или/и во училиште. Во контраст со етичките вредности што генерално постојат денес, во постмодерната ера, авторката се обидува да го долови и контрастира значењето на моралните вредности во „Бисерот’ на Џон Стеинбек во средина на 21 век со загубени или разнишани морални вредности и однесување.

*3*. Илиев К., Поп Зариева Н. И Крстева М. (2012) *Улогата на Македонија во создавањето и дисеминацијата на старите пишани знаци и азбучни системи низ вековите,* International Journal of Arts & Sciences, Harvard University, Cambridge, Massachusetts, May 27-31, 2012.

***Евалуација***

Овој оригинален труд ја трасира сличноста меѓу феникиската, грчката, латинската и македонската кирилична азбука, базирајќи се на најновите предизвици во науката од пронајдените знаци на писменост во Кутмичевица и други ископини низ Македонија. Анализирајќи ги пронајдоците на Васил Иљов и познатиот археолог Марија Гимбутас авторката ја истражува мисионерската улога на феникискиот владетел Кадмо во неговата дисеминација на медитеранските пишани знаци, подоцна основа на абучните системи. Главна цел на овој оригинален труд е да докаже дека оваа област одиграла клучна улога или *Catena mundi* на источната и западната цивилизација преку интеракцијата меѓу македонската кирилична абука и другите абуки: феникиската, грчката и латинската; и дека фаворизирањето на Средниот и Блискиот Исток како креатори на првите азбучни системи, а преку тоа и лулка на цивилизацијата е неодржлива теорија. Ова ја води авторката кон заклучокот дека „Ex Oriente Lux” е доведен во прашање.

4. Илиев К., Поп Зариева Н. *(2012) Романот во Македонија и Америка во 20 век преку романите „Белата долина“ на Симон Дракул и „Бисерот“ на Џон Стеинбек и покрај разликите во тематиката, со сличен лирски сензибилитет и вечната идеја за борбата на доброто и злото* - VIII македонско-северноамериканска конференција: Охрид, 7-8 август, 2012.

***Евалуација***

Преку овој труд авторката ја проследува поврзаноста на двајца романсиери од 20 век, Симон Дракул, од срцето на Балканскиот Полуостров и Џон Стеинбек, кои иако многу далечни географски, ја делат идејата за одметништво, изолираност и егзистенцијализам. „Белата долина“ на Симон Дракул и планините во „Бисерот” на Стеибек се според авторката еден вид чистилиште, метафора на вечната борба меѓу доброто и злото, со неизвесни или трагични исходи. Она што е Змејко во белиот бескрај на долината, навидум див, ограничен и немоќен да се спротивстави на стихијата, а сепак натприродно моќен со својата морална определба да се издвои од средината во која припаѓа, на ист начин Кино, пронаоѓајќи го големиот бисер се бори да избега од социјалната средина во која живее. Предмет на анализа е лирското артикулирање на исказот и длабокото психолошко сликање на ликовите, како и техниките на детално и живописно сликање на природата, кои авторката заклучува ја наметнуваат идејата за човековото постоење како дел од природата, од која тој настанал и кон која секогаш се враќа.

5. Илиев К., Поп Зариева. (2013) *Модернизам, постмодернизам и глобализација,* Међународна научна конференција: Наука и глобализација. Филозофски факултет Универзитета у Источном Сарајеву – Сараево, 17-20 мај, 2013. 3.

***Евалуација***

Во овој труд авторката има цел да открие што литературата може да ни каже за глобализацијата и како глобализацијата влијаела на создавањето, циркулацијата и примањето на литературните текстови. Таа посебно се фокусира на улогата на литературата во процесите на општествена, економска и културна интеграција кои ја дефинираат оваа ера, но и на кои начини глобализацијата е поврзана пошироко со историјата на модернизмот и постмодернизмот како литературни правци. Овој труд ја проучува врската меѓу литературата и глобализацијата преку разгледување на неколку значајни литературни текстови меѓу кои *The Satanic Verses* на Селман Рушди и *Middlesex* на Џефри Јуџенидес. Но, дава и детален преглед на литературните предвесници на постмодернизмот тргнувајќи од Џејмс Чојс, преку Бит генерацијата на Ален Гинсберг, Џек Кероуек и други.

6. Поп Зариева Н. (2013) *Фикција или реалност: Популарната кутура на 21 век и постмодерната литература*. Годишен зборник на Филолошки факултет 2013 вол.4, бр.4.

***Евалуација***

Трудот претставува осврт и анализа на појавата и развојот на постмодернизмот од етички, културен и литературен аспект. Авторката се фокусира на општествено-културните причини за појавата на постмодернизмот како тренд во литературата, но и културата на живеење во втората половина на 20 век. Таа го разгледува влијанието на процесот на глобализација и појавата на популарната култура врз карактеристиките на постмодерната литература. Авторката на трудот го поткрепува своето излагање со конкретни примери од литературата, како што е романот „Голиот ручек“ на авторот Вилијам Бероу, за кој таа укажува како што романот е хаотичен, параноичен и тешко разбирлив, воедно претставува и метафора на постмодернизмот. Релативизмот на етичките стандарди на нашето живеење е отсликан преку романот „Името на розата“ на Умберто Еко. Авторката го заокружува литературниот осврт на постмодернизмот со егзистенцијалното чувство на трагикомедијата на Семјуел Бекет „Чекајќи го Годо“.

7. Илиев К., Поп Зариева Н. *(2014) Семејството и семејните вредности во глобалниот свет,* Прва меѓународна научна конференција Општествена промена во глобалниот свет, Центар за правно-политички истражувања, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 11-13 септември 2014 г.

***Евалуација***

Во овој труд кандидатката го разгледува комплексното прашање за постоењето на ерозија на семејните вредности во светот. Со цел истото да биде потемелно одговорено таа се задржува само на земјите со таканаречена јудејско-христијанска традиција (т.н. западна цивилизација). Овој труд нуди хронолошки преглед на карактеристиките на семејните вредности во овие земји, со осврт и споредба со сегашната ситуација во истите. Авторката се осврнува на влијанието на црквата, религијата и библијата како столбови на кои почива јудејско-христијанска традиција во овие земји. Исто така, се обидува да даде одговор на прашањето дали, кога и како почнало намалувањето на влијанието на истите и дали тоа постепено довело до ерозија на семејните/моралните вредности.

8. Поп Зариева Н. (2014) *Улогата на измамата и маските во „Хамлет“,* Годишен зборник на Филолошки факултет 2014 Вол.5, бр.5, стр.103-113.

***Евалуација***

Предмет на истражување на овој труд се мотивите на измама и маски кои се важен елемент на многу драми од Шекспир. Авторката прави осврт на постоењето на овие мотиви во повеќе драми на Шекспир, како *Отело* и *Дванаесеттата ноќ,* но целосно се фокусира на трагедијата *Хамлет* чиешто комплетно дејство е базирано на повеќекратни измами исткаени од главните и споредните ликови. Овој труд ги претставува и анализира причините и последиците од измамите и лажното претставување на ликовите во оваа трагедија. Исто така, го поставува и анализира прашањето дали измамата е деструктивна или може да има и позитивни ефекти, дали таа го прави Хамлет херој или антихерој и дали неговата фатална грешка лежи во фактот што предолго го жали својот татко или пак во решеноста да ја одмазди неговата смрт.

Покрај објавените стручни трудови, кандидатката има учествувано со усна презентација на неколку меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство, и тоа:

1. *4.2012 г.* - Презентација на тема *Етика и естетика* во Американско катче, Штип.
2. *6.3.2013 г.* - Семинар презентација во Американско катче, Штип, по повод 8 март, *Презентација на американски жени-поети.*
3. *VIII македонско-северноамериканска конференција.* Охрид, август 2012 г.
4. *Меѓународна научна конференција: Наука и глобализација.* Филозофски факултет, Универзитета у Источном Сарајеву – Сараево, 17-20 мај 2013 г.
5. Промоција на книга и литературно читање*: Во драмата на светот на Селест Бенџамин Трејси,* 25.7.2013 г., Штипско лето, Безистен.
6. *Прва меѓународна конференција на ЗПРМ 2013,* Сити Хол, Скопје, Република Македонија, 9 ноември 2013 г.
7. *23. Меѓународна конференција на БЕПА - ИАТЕФЛ,* 11-13 април 2014 г., Благоевград, Бугарија.
8. Координатор на презентацијата *Месец полн со поезија,* автор проф. Кукубајска, Американско катче, Универзитетска библиотека, Штип, 24.4.2014 г.
9. *Прва меѓународна научна конференција SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD* Центар за правно-политички истражувања на Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, септември 11-13 2014 г.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност кандидатката м-р Наталија Поп Зариева активно учествува како член на Комисијата за упис на студенти на прв циклус студии на Филолошки факултет во учебната 2013/2014 година.

Кандидатката активно учествуваше на обука за спроведување на електронски колоквиуми и работилница под наслов „Ефективно користење на платформата за е-учење во наставниот процес и запознавање со новитетите во Moodle 2.6“, како и во голем број проекти и обуки ораганизирани од Министерството за образование како обучувач, како:

1. Успешно завршена 60-часовна обука за наставници за поучување ученици на мала возраст, ораганизирана од Британски совет во Осиек, Хрватска, 17-30 август 2003 год.
2. Обука реализирана во рамките на Проектот за модернизација на образованието, во траење од 30 часа при Институтот за развој на менаџмент, 2006 год.
3. Обука за професионални стандарди за фасилитатори, организирана од УСАИД и Академијата за развој на образованието, април 2009 год.
4. Обука „Стекнување знаења и вештини за користење на информатичката технологија“, организирана од УСАИД, јуни 2005 год.
5. Успешно завршување на работилница за професионален развој на наставници - обучувачи и успешно спроведување на обука на наставници за „Иновативна употреба на ИКТ во основните училишта“, во ораганизација на МОН и Биро за развој на образованието.
6. Успешно завршување на УСАИД/ПЕП обука за професионален развој 11/12 јуни 2008 год.
7. Обучувач во успешно реализирана регионална обука за програмата „Промена на стандардите за оценување“, дел од проектот на УСАИД и Македонски центар за граѓанско образование „Унапредување на оценувањето на учениците“, мај-јуни 2011 год.
8. Успешно реализирана обука за сумативно оценување, дел од проектот на УСАИД и Македонски центар за граѓанско образование „Унапредување на оценувањето на учениците“, април- јуни 2011 год.
9. Учество на конференцијата на ЕЛТАМ-ИЕТЕФЛ, Струга, 7-8 октомври 2006 год.
10. Учество на конференцијата на ЕЛТАМ-ИЕТЕФЛ, Скопје, 26 октомври 2008 год.

***2. М-р Марија Крстева***

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Марија Крстева** е родена на 7 јуни 1986 година во Кочани. Во 2005 година се запишува на додипломски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Групата за англиски јазик и книжевност студирајќи паралелно насоки: насоката за толкување и насоката за преведување при истата катедра. Студиите ги завршува во јуни 2009 година со мошне висок просек од 9,28 и се стекнува со стручен назив дипломиран филолог - толкувач од англиски јазик на македонски и обратно. Истата година, во септември 2009 година Марија Крстева заминува на двегодишни интердисциплинарни постдипломски студии по Американски студии и трансатлантски односи на Софискиот универзитет „Св. Климент Охриски” во Бугарија, како стипендист на Европската унија. Марија Крстева ги положува предвидените испити на постдипломската програма (вкупно 21), со просечна оцена 5,95 според системот на оценување во Република Бугарија, што соодветствува на просечна оценка 9,94 на системот за оценување во Република Македонија. Во 2011 година го одбранува својот магистерски труд на тема *Родови и семејни односи во Северна и Јужна Америка преку примери од уметноста* под менторство на проф. д-р Јулија Стефанова. За време на магистерските студии, Марија Крстева посетува летен институт во Банско, организиран од Комисијата Фулбрајт во Бугарија, со студиска посета на Американскиот универзитет во Благоевград, Бугарија. Во 2014 год. кандидатката се запишува на докторски студии на Факултетот за класична и нова филологија на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски” во Софија, Бугарија. За време на нејзината научно-образовна дејност, Марија Крстева остварува две значајни студиски посети. Во јануари и февруари 2014 година Крстева престојува на Катедрата за англоамерикански студии на Универзитетот „Павол Јозеф Сафарик” во Кошице, Словачка, како стипендист на словачката влада. Таму таа остварува

значајни контакти со тамошните колеги и стекнува меѓународно искуство во начинот на работа и научно истражување, додека врши подготовки за нејзините докторски студии. Во септември 2014 година таа заминува на едномесечен студиски престој во Софија, каде што работи на сопствен материјал и присуствува на лекции од меѓународни предавачи, гости на Софискиот универзитет.

***Работно искуство***

Уште како студент, во 2007 година, за време на летниот период, Марија Крстева почнува да работи како наставник, преведувач и толкувач во приватното училиште за англиски јазик *Golden Gate* во Кочани. Следното лето го минува во Англија, каде што работи како AuPair. Во 2009 година работи како наставник по деловен англиски јазик на возрасни во училиштето за странски јазици *Challenge* во Скопје. Од февруари до јуни 2012 година Марија Крстева работи како надворешен сорабтник на Катедрата за англиски јазик и книжевност во Скопје. Од март 2012 до јули 2012 година, работи како надворешен соработник на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Катедра за англиски јазик и книжевност каде предава постсовремен британски роман во четврта година и на Факултетот за информатика, каде што предава деловен англиски јазик. Во 2012 година, врз основа на јавен конкурс, м-р Марија Крстева е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во областа англистика („Универзитетски билтен" бр.93, декември 2012 год.) и е постојано активна во наставно-научниот процес, во научноистражувачката дејност, како и во стручно-апликативната дејност.

Во однос познавањето странски јазици, Марија Крстева одлично ги познава англискиот и бугарскиот јазик, односно на Ц2 ниво; во Шпанскиот институт „Сервантес" во Софија, Република Бугарија, го изучувала шпанскиот јазик, постигнувајќи Б1 ниво; на Филолошкиот факултет во Скопје учела германски јазик под „Ц" (ниво А2), а се стекнала и со познавање на француски јазик (А2 ниво).

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање лектор***

1. Има завршено втор циклус студии од научната област во која се избира.
2. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 2012 година, врз основа на јавен конкурс, м-р Марија Крстева е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во областа англистика („Универзитетски билтен" бр.93, декември 2012 год.) и е постојано активна во наставно-научниот процес, во научноистражувачката дејност, како и во стручно-апликативната дејност.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија. Кандидатката се покажа како солиден и исполнителен соработник и во изведувањето на лекторски вежби по предметите: Современ англиски јазик 1, 2, 3 и 4. Истовремено, таа е ангажирина и на нематичните факултети во рамките на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, за реализација на предметите Деловен англиски јазик 1, 2 и 3 на Економскиот факулет, Англиски јазик 1, 2, 3 и 4 на Факултететот за туризам и бизнис логистика, Англиски јазик 1 и 2 на Факултетот за природни и технички науки и Англиски јазик 1 и 2 како универзитетски изборни предмети. Во овој период м-р Марија Крстева одржува вежби по горенаведените предмети, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор. Покрај обврските поврзани со вежбите и предавањата по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и на Универзитетот.

М-р Марија Крстева важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл. Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за целиот период до изборот на кандидатката м-р Марија Крстева во наставно-стручно звање *лектор*:

1. Krsteva, Marija. KukubajskaEmilija, Marija. *The Role of Literature in Foreign Language Acquisition* Procedia - Social and Behavioral Sciences, Volume 116, 21 February 2014, Pages 3605-3608 (ISSN: 1877-0428) http://eprints.ugd.edu.mk/7750/

***Евалуација:***

Во овој труд се разгледува улогата на литературата во изучувањето на странски јазик. Секое ниво на изучување на јазикот бара вклучување на литературни текстови. Заедно со фактичните информации, литературата развива свесност за користењето на странскиот јазик. Предметните програми содржат лекции за комплексноста на различните текстови во однос на темите, карактерите и културниот контекст. Од рана школска возраст децата ги усвојуваат поимите со помош на асоцијации, игри, драма, поезија и кратки приказни кои им помагаат да научат идиоми, колоквијални фрази и синтаксички целини што придонесуваат за нивен когнитивен развој. Овој метод пропорционално се проширува со линвистичко и литературно градиво за во текот на повисокото образование. Во високото образование, на факулететите кои не се однесуваат на филолошките науки, на изучувањето на англискиот јазик не се пристапува толку од уметничка гледна точка, туку се работи на стекнување претстава за поими и зголемување на вокабуларот. Таквото усвојување на одделни нивоа им овозможува развој на мислењето на тој јазик и практична употреба на усвоените поими и вокабулар.

2. Крстева, Марија.*Доселеници од мочуриштето* (2014) Репер, Антолог 47/VI Скопје ISSN 1857-5900 http://eprints.ugd.edu.mk/9875/

***Евалуација:***

Во овој труд кандидатката се осврнува на еден од најзначајните романи за првите населувања на канадската териорија и воопшто за канадската историја и култура. Романот *Settlers of the Marsh (Доселеници од мочуритето)* првпат е објавен во 1925 година и веднаш добива статус на контроверзен. Некои критичари го карактеризираат како роман со „непристоен“ и „недоличен“ тематски пристап. Црквите во тоа време праќаат предупредувања до своите членови за скандалозната содржина, за само неколку децении подоцна книгата да биде признаена како значајно обележје во развојот на канадскиот роман. Романот припаѓа на канадскиот реализам, односно е претставник на прерискиот реализам. Во центарот на романот се космополитски прашања како: љубов и романса, секс и сексуалност, убиство, дваесеттиот век, деветнаесеттиот век, брак, проституција, рурален или селски живот, фарми и фармерство, Канада и Канаѓаните, амбиција, работа, домаќинства, куќи и палати, животот на границата, односно пионерскиот живот на „границата“.

3. Крстева, Марија. *Глобализацијата денес – Дали „Локалното“ е новото „Глобално”?* Филолошки Факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип Годишен зборник 2012, Volume 4 ISSN 1857- 7059 http://eprints.ugd.edu.mk/12689/

***Евалуација:***

Целта на оваа анализа е да се проследи растечкото влијание и трендот на глобализацијата денес. Иако глобализацијата како општествен, културен и економски феномен особено беше популаризиран во последните две децении, нејзиниот зародиш е далеку поодамна. Во 60-тите и 70-тите години од минатиот век глобализацијата стана реалност, особено во западниот свет. Тоа е период на зголемена политичка и економска меѓузависност. Настаните надвор, започнаа да имаат влијание дома и обратно. Како резултат на тоа и односите меѓу

народите и државите станаа зависни од меѓусебното влијание. Глобализацијата до одредена мера е дејствување на далечина. Она што се случува е рапидна компресија на просторот и времето. Како главен извор за анализа на феноменот, кандидатката го зема познатиот американски писател и новинар Томас Л. Фридман и неговата книга *Светот е рамен*. Тој прави сеопшта анализа на историскиот контекст и почнувајќи од моментот кога Колумбо првпат стапнува во Новиот свет па до денес, може да се издвојат три главни периоди на глобализација. Кандидатката дава објаснување на секој од овие периоди и на различните инструменти на дејствување што произлегуваат едни од други.

4. Д-р Марија Емилија Кукубајска, м-р Крсте Илиев, м-р Наталија Поп Зариева, м-р Марија Крстева. ИСТОРИЈА НА БРИТАНСКАТА И АМЕРИКАНСКА КУЛТУРА И ЦИВИЛИЗАЦИЈА - скрипта, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2014 ISBN 978-608-244-059 http://eprints.ugd.edu.mk/11246/

***Евалуација:***

Овој труд претставува скрипта по предметите Британска историја, култура и цивилизација и Американска историја, култура и цивилизација. Во таа смисла скриптата е поделена на два дела, едниот за Велика Британија, другиот за САД. Секој од деловите содржи дванаесет поглавја, соодветно на дванаест часови во семестар. Поглавјата за првиот дел, односно историјата, културата и цивилизацијата на Велика Британија ги содржи следните теми: воведна лекција: Што ги поврзува британските острови низ вековите, раните почетоци на римскиот период во Британија, германските племиња и викинзите, Норманите, Хенри II - Хенри III, династијата Плантагенет, династијата на Тудорите, династијата на Стуартите, Џорџ I – Вилјам IV, Британија во првата половина на 20 век (1901 – 1945), Британија по Втората светска војна, Железната завеса. Делот за американска историја, култура и цивилизација ги содржи следните делови: Новиот свет, првите Американци, колонијалниот живот во Америка, зачетокот на револуцијата, борбата за независност, создавањето на нова нација, индустриската револуција, северот и југот, години на напердок, изградба и реконструкција, реформи и прогрес, Теодор Рузвелт, доктрината на Монро, Америка во Првата светска војна и депресијата, Америка во Втората светска војна и Афромариканците, Америка како суперсила, крајот на Студента војна, Америка во современиот свет.

5. Крстева, Марија. *Раѓањето на американската демократија* (2014) Репер, Антолог 47/VI Скопје ISSN1857-5900 http://eprints.ugd.edu.mk/11198/

***Евалуација:***

Во овој труд кандидатката го толкува гледиштето на францускиот филозоф Алексис де Токвил за американската демократија. Во својата книга *Американската демократија*, Де Токвил прави анализа на една стабилна и перспективна демократија, бележејќи ги разликите помеѓу таа и демократијата во родната Франција, додека ги посетува САД во триесеттите години на 19 век. Таа анализа води до заклучокот дека феноменот на демократијата го достигнал својот најголем прогрес во Америка. Тој се обидува да ги пронајде силите и слабостите на една демократија и да одговори како евентуалните слабости може да се преодолеат. Главното прашање по кое Токвил се раководи е како да се зачува слободата наспроти сѐ поголемата еднаквост на условите. Најважните фактори кои влијаат на тоа се структурата на власта, како и институциите кои ја чуваат слободата на американското општество. Имајќи го тоа предвид, најпрво треба да се разгледаат обичаите и верувањата на американските населеници од почетокот бидејќи и структурата на власта е нивен директен производ.

6. Krsteva, Marija *Knowledge and the knowledge worker in the era of great technological development* (2014) Knowledge - International Journal (Scientific and Applicative Papers) Vol. 4 ISBN 978-608-65653-8-1, Skopje Pages: 128-130 http://eprints.ugd.edu.mk/11621/

***Евалуација:***

Овој труд е осврт на релевантноста на теориите и заклучоците на еден од најголемите филозофи и економски експерти, Питер Дракер во врска со поседувањето знаење, способноста за создавање иновации и технолошкиот напредок. Теориите и погледите на австрискиот научник и филозоф Питер Дракер се однесуваат на местото на човекот и неговата улога кога ќе се најде помеѓу знаењето и познавањето и иновациите. Како што се менува целосната слика на општествата, така се менува и работата на институциите. Владата, училиштата, армијата, заедно со бизнис секторот и истражувачките организации заземаат централна улога во пласирањто на иновации и знаење. На крајот, кандидатката заклучува со тврдењето на Дракер дека современите луѓе ги комбинираат научните факти и индивидуалната имагинација во процесот на создавање нови иновации и научни достигнувања.

7. Крстева, Марија. *Индустриската револуција и големите градови во Америка* (2014) Репер, Антолог 47/VI Скопје ISSN1857-5900 http://eprints.ugd.edu.mk/11812/

***Евалуација:***

Во овој труд кандидатката истражува како периодот на Индустриската револуција го менува ликот на Америка и ги создава големите светски меглаополиси. Периодот на рапиден технолошки напредок наречен Индустриска револуција започнува во Велика Британија во средината на 18 век, од каде што се проширува насекаде во светот. За разлика од претходните револуции кои донеле општествени и политички промени, оваа револуција трасформирала многу држави од главно рурални земјоделски општества во модерни економии основани на индустриски развој. Индустриската револуција наоѓа особено плодна почва за развој за време на 19 век во Америка. По прогласувањето на независноста во 1776 год., Америка била претежно земја на фармери и занаетчии. Користејќи ги новите технолошки постигнувања, на почетокот на векот, Америка се претвора во место за дотогаш невидени можности за развој.

8. Iliev, Krtse. Krsteva, Marija. Popzarieva, Natalija. International Journal of Arts and Sciences, (IJAS) poster: "Macedonia, Kadmo and the development of written signs" (International Conference) Harvard University, May 2012 http://eprints.ugd.edu.mk/4385/

***Евалуација:***

Целта на оваа хипотеза е да ја спореди поврзаноста помеѓу феникискита, грчката и латинска азбука со македонската кирлична азбука, врз основа на нови истражувања и неодамнешни докази за периодот и изгледот на пишаните знаци најдени на неколку локации во Република Македонија. Овие пронајдоци на гробни споменици, ископини и карпи укажуваат на пишани знаци стари околу 9000 години, а некои посочуваат на подоцнежни азбуки. Некои древни знаци пронајдени во Република Македонија датираат од околу 40000 пр.н.е (Васил Илјов, Марија Гимбутас). Оваа анализа се однесува на мисионерска улога на феникискиот владетел Кадмо во пренесувањето на медитеранските писмени знаци, подоцнежна основа за азбучни системи. Неговите патувања од околу 2000 год. пр.н.е го вклучуваат древниот културен и образовен центар Охрид, Кутмичевица (по името на Кадмо) во Република Македонија, како и други делови и региони на европските лингвиситички територии. Древните тврдења сврзани со античкиот мисионер водат до разгледувањето на поврзаноста помеѓу македонската кирилина азбука и други феникиски, грчки и латински азбуки.

9. Крстева, Марија.*Американската идеологија во Здрав разум на Томас Пеин* Филолошки Факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Годишен зборник 2013 Volume 4 pp. 109-112. ISSN 1857-7059 http://eprints.ugd.edu.mk/11269/

***Евалуација:***

Целта на оваа анализа е да се проследи концептот на американската иделогија во Здрав разум на Томас Пеин. Просветителството како интелектуално, филозофско и политичко движење, главно, се однесува на идеи и ставови кои го означија 18 век. Иако за првпат се појавил во Франција, тоа е и европски и американски феномен. Тоа е период на масивни и комплексни движења, кои иако во различна форма и во различни региони и периоди, сепак имаат многу заеднички нешта. Една таква импликација на просветителството како широко меѓународно филозофско и книжевно движење резултира со моќен памфлет на Томас Пеин, *Здрав разум*. Неговата главна цел била да даде инструкции за владата кои ќе служат за правилно и средено општество создадено врз основа на разумот и изборот отколку на пасивната зависност од случајност и сила. Во оваа смисла, тој развил суштински теми како внатрешната природа на човекот, значењето на доблестите и идентитетот на американскиот карактер.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавените стручни трудови, кандидатката има учествувано во организацијата на три настана со студентите по англиски јазик и книжевност, одржани во Американското катче во Штип:

1. 11 април 2012 г. Американско катче - Штип: *Панел дискусија за етички вредности во литературата Повод: Националниот месец на поезијата*.
2. 7 март 2013 г. Американско катче - Штип: *Американски писателки низ вековите (Emily Dickinson, Ann Bradstreet, Emma Lazarus, Louis Bogan, Sylvia Plath, Diane Wakoski, Alice Walker, Erica Yong, Maya Angelou)*.
3. 24 април 2014 г. Американско катче - Штип: *Национален месец на поезијата*, *Американски автори*.

Кандидатката активно посетува две обуки и една работилница организирани од страна на Универзитет „Гоце Делчев“ и тоа: Обука за спроведување на електронски колоквиуми и работилница под наслов: „Ефективно користење на платформата за е-учење во наставниот процес и запознавање со новитетите во Moodle 2.6“. Исто така, кандидатката учествува и како член на Комисијата за упис на студенти во прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во учебната 2013/2014 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатките м-р Наталија Поп Зариева и м-р Марија Крстева поседуваат квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Двете кандидатки ги задоволува сите критериуми и законски услови за избор во наставно-стручно звање лектор пропишани со Законот за високо образование на Р.Македонија и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **да го усвои овој извештај и да ги избере кандидатките м-р Наталија Поп Зариева и м-р Марија Крстева во звањето лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Марија Кусевска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Нина Даскаловска, член, с.р.**
**Доц. д-р Лидија Давидовска, член, с.р.**